Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ СОВЕТ НАРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Врз основа на член 105 став 1 алинеја 1 од Уставот на Република Северна Македонија, член 41 и член 46 став 1 точка 3 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" бр.58/2006, 35/2008, 150/2010, 83/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.96/19), член 49 и член 50 став 1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/2019), Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 06.11.2024 година, донесе

# ОДЛУКА
# ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР

За судија на Апелационен суд Гостивар за граѓанска област е избран:

**Абдула Азари** –судија на Основен суд Тетово

Оваа одлука ќе стапи во сила по правосилно завршување на постапката и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

## *Образложение*

Судскиот совет на Република Северна Македонија објави оглас за избор на 2 (двајца ) судии во Апелациониот суд Гостивар, за граѓанска област, објавен во "Службен весник на РСМ" бр.270/23 од 19.12.2023 година).

На објавениот оглас за избор на двајца судии на Апелационен суд Гостивар, за граѓанска област се пријавиле вкупно 6 (шест) кандидати, од кои еден кандидат ја повлекол пријавата.

Постапката за избор на судии на Апелационен суд Гостивар, Советот ја спроведе согласно Законот за судовите, Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија. Согласно Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, Советот формира Комисија која изврши проверка на навременоста на пријавите и комплетноста на документите на пријавените кандидати по огласот.

Кандидатите имаат положен психолошки тест и тест на интегритет, со истите спроведено е интервју, а согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Сл. Весник на РМ“ бр.150/10) за кандидатите кои се избрани за судии пред 26.11.2010 година не се спроведува проверка на практична работа со компјутери, поради што ваква проверка се спроведува согласно законот.

Комисијата формирана од страна на Судскиот совет на РСМ по спроведена постапка согласно Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд изврши рангирање врз основа на критериумите предвидени во чл.48 ст.2 од Законот за Судскиот совет на РСМ, при што се дадени поени за предвидените аспекти од критериумите и е сочинета ранг листа на кандидати, на која кандидатите со највисоки поени се рангирани на првото место. По изјавени жалби од тројца кандидати за рангирањето до Комисијата, Советот одлучуваше на седница, по што Комисијата достави Извештај со конечна ранг-листа на кандидати за избор на судии на Апелациониот суд Гостивар:

**КОНЕЧНА РАНГ- ЛИСТА НА КАНДИДАТИ**
**За избор на 2 ( двајца ) судии на Апелационен суд Гостивар**
**- за граѓанска област -**

| Р.бр. | Име и презиме на кандидатот | Судија на | поени |
|---|---|---|---|
| 1 | Јетмир Хамзаи | Основен суд Гостивар | 72,6 |
| 2 | Абдула Азари | Основен суд Тетово | 70,5 |
| 3 | Илир Исени | Основен Дебар | 70,49 |
| 4 | Александра Палашевска | Основен граѓански суд Скопје | 64,2 |
| 5 | Јехона Садику | Основен граѓански суд Скопје | 58,9 |

Согласно член 49 ст.2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија е предвидено дека за судија е избран кандидатот кој добил најмалку осум гласови од вкупниот број на членови на Советот со право на глас.

Во чл.50 ст.1 од истиот закон е предвидено дека Советот избира судија и претседател на основен суд и апелационен суд кој се наоѓа на подрачје на единица на локална самоуправа каде што 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот , одлучува согласно со членот 49 од овој закон, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците во кои не се мнозинство во РСМ. Согласно чл.23 ст.3 од Деловникот за работа на Судскиот совет на РСМ е предвидено дека доколку прворангираниот кандидат на листата при гласањето не го добие потребниот број на гласови, се гласа редоследно за следните кандидати од ранг листата.

На седницата одржана на ден 06.11.2024 година, Судскиот совет расправаше по однос на кандидатите за избор на судии и членовите на

Советот се произнесоа за причините поради кои го даваат својот глас, а кои се нотирани во записникот од погоре наведената седница, по што Советот гласаше редоследно по ранг-листата.

Првиот кандидат од ранг листата Јетмир Хамзаи со 13 гласа -„За" го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови на Советот со право на глас, согласно чл.49 ст.2 од Законот за Судскиот совет на РСМ.

Со 5 гласа - „За", кандидатот доби и мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија согласно чл.50 ст.1 од Законот за Судскиот совет на РСМ.

Вториот кандидат од ранг листата Абдула Азари со 13 гласа -„За" го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови на Советот со право на глас согласно чл.49 ст.2 од Законот за Судскиот совет на РСМ.

Со 5 гласа - „За", кандидатот доби и мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија согласно чл.50 ст.1 од Законот за Судскиот совет на РСМ.

Секој член на Советот со право на глас, даде образложение за својата одлука за избор на судија како што е предвидено во член 49 став 3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Кандидатот Абдула Азари има вкупен судиски стаж од 10 години, 4 месеци и 10 дена до денот на пријавувањето на огласот. Како судија работел на граѓанска материја, а при оценувањето за последниот период 2019-2022 година е оценет со позитивна оценка, при што се ценети квалитативните и квантитативните критериуми и истиот е второрангиран на ранг листата и истиот е со предност во однос на останатите кандидати подолу на листата. Според образложенијата дадени од членовите на Советот произлегува дека станува збор за судија со стручни квалитети во работењето, исклучително посветен судија со кредибилитет во вршење на судиката функција, искусен судија, за другите пример за судиска совесност, непристрасност, чесност и одговорност, независност, судија со интегритет, нема негативни резултати во досегашното работење, така да со целокупното знаење и искуство во своето работење ќе придонесе за јакнење на довербата во судството и секако истите би ги пренел и би придонел во ажурноста и работењето во повисок суд, во случајот во Апелациониот суд Гостивар.

Имајќи го предвид наведеното, Советот го избра Абдула Азари за судија на Апелациониот суд Гостивар, за граѓанска област.

**Бр.09-2133/1**
**07.11.2024 година**
**Скопје**

**СУДСКИ СОВЕТ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Весна Дамева**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Në bazë të nenit 105 paragrafi (1) alinea (1) nga Kushtetuta e Republikës së Maqedonisë së Veriut, neni 41 dhe neni 47 të Ligjit për Gjykatat ("Gazeta Zyrtare e Republika e Maqedonisë" nr.58/2006, 35/2008, 150/2010, 83/18, 198/18 dhe "Gazeta Zyrtare e RMV-së" nr.96/19) dhe neni 50 dhe neni 51 të Ligjit të Këshillit Gjyqësor të Republikës së Maqedonisë së Veriut ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë sëVeriu" nr.102/2019), Këshilli Gjyqësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut në seancën e mbajtur më 06.11.2024 miratoi:

**VENDIM**
**PËR ZGJEDHJEN E GJYQTARIT NË GJYKATËN APELIT NË GOSTIVAR**

Për gjyqtar në Gjykatën Apelit në Gostivar është zgjedhur:

**1.Abdulla Azari- gjyqtar në Gjykatën Themelore Tetovë;**

Ky vendim do të hy në fuqi pas mbarimit të potëfuqishëm të procedurës dhe do të publikohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

**A R S Y E T I M**

Këshillit Gjyqësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut publikoi shpallje për zgjedhjen e 2 (dy) gjyqtarve në Gjykatën Apelit në Gostivar ("Gazeta Zyrtare e RMV-së" nr.270/23 nga 19.12.2023).

Në shpalljen e publikur për në Gjykatën Apelit në Gostivar, në sferën civile janë paraqitur gjithësej 6 (gjashtë) kandidatë, nga të cilat njëri prej kandidatëve e ka tërhequr fletëparaqitjen.

Procedurën për zgjedhjen e gjyqtarit në Gjykatë Apelit në Gostivar, Këshilli e zbatoi në pajtim me Ligjin për gjykata, Ligjin për Këshillin Gjyqësor të Republikës së Maqedonisë së Veriut, Rregulloren e punës së Këshillit Gjyqësor të Republika e Maqedonisë së Veriut. Në përputhje me Rregulloren për mënyrën e randimit të të kandidatëve për zgjedhjen e gjyqtarve në gjykatë më të lartë, Këshilli formoi Komision të cilën e verifikoi dorëzimin në afatin e fletëparaqitjeve dhe kompletimin e dokumenteve të kandidatëve të paraqitur në publikimin e shpalljes. Kandidatët e kanë të dhënë testin psikologjik dhe testin e integritetit, me të njejstët është bërë interviju, në përputhje me Ligjin për ndryshim dhe plotësim të Ligjit për Gjykatat (Gazeta Zyrtare e RM nt.150/10) për kandidatët të cilët janë zgjedhur për gjyqtar në periudhën nga 26.11.2010 nuk mbahet punë praktime e njohurive me kompjuter, prandaj një kontroll i tillë krahasohet në pajtim me ligjin.

Komisioni i formuar nga ana e Këshillit Gjyqësor i RMV-së e pas realizimit të procedurës, Regullores për mënyrën e rangimit të kandidatëve për zgjedhjen e gjyqtarit në gjykatë më të lartë, ka bërë renditjen në bazë të kritereve të parashikuara në nenin 48 paragrafi (20 i Ligjit për Këshillin Gjyqësor të RMV-së prej të cilës janë dhënë pikë të cilët janë paraparë aspektet e kriteriumeve dhe është formuar rang lista e kandidatëve, në të cilën kandidatët me pikë më të lartë rangohen në vendin e parë. Pas ankesave të tre kandidatëve për rangimin në komision, Këshilli vendosi në seancë, pas së cilës komisioni dorëzoi raport me renditjen përfundimtare të kandidatëve për zgjedhjen e gjyqtarëve të Gjykatës Apelit në Gostivar.

**RANGË LISTA PËRFUNDIMTARE- LISTA E KANDIDATËVE**
**Për zgjedhjen e 2 (dy) gjyqtarve në Gjykatën e Apelit në Gostivar- sfera civile**

| Nr. | Emri dhe Mbiemri kandidatit | Gjyqtar në | pika |
|---|---|---|---|
| 1 | **Jetmir Hamzai** | **Gjykata Themelore Gostivar** | **72,6** |
| 2 | **Abdulla Azari** | **Gjykata Themelore Tetovë** | **70,5** |
| 3 | **Ilir Iseni** | **Gjykata Themelore Dibër** | **70,49** |
| 4 | **Aleksandra Pallashevska** | **Gjykata Themelore Civle-Shkup** | **64,2** |
| 5 | **Jehona Sadiku** | **Gjykata Themelore Civle-Shkup** | **58,9** |

Në përputhje të nenit 49 paragrafi (2) nga ligji i Këshillit Gjyqësor të Republikës së Maqedonisë së Veriut, është paraparë se për gjyqtar është zgjedhur kandidati i cili ka marë mësë paku tetë vota nga numri i përgjithëshëm të anëtarve të Këshillit me të drejtë vote.

Në nenin 50 paragrafi (1) nga i njëjti Ligj përcakton se Këshilli zgjedh gjyqtarin dhe kryetarin e gjykatës themelore dhe të apelit që gjendet në zonën e njësisë së vetëqeverisjes lokale ku 20% e qytetarëve flasin një gjuhë zyrtare të ndryshme nga maqedonase, vendos në pajtim me nenin 49 të këtij ligji, ku duhet të ketë shumicën e votave nga pjesëtarët e pranishëm që u takojnë komuniteteve në të cilat nuk ka shumicë në RMV-së. Në përputhje të nenit 23 paragrafi (3) e Regullores të punës të Këshillit Gjyqësor të RMV-së është paraparë se nëse kandidati i parë i ranguar i listës gjatë votimit nuk i mer numrin e votave të duhur, votimi bëhet në mënyrë sekuenciale për kandidatin e radhës nga lista e renditjes

Në seancën e mbajtur më 06.11.2024, Këshilli Gjyqësor diskutoi në lidhje me kandidaturën për gjyqtar dhe anëtarët e Këshillit u deklaruan për arsyet për të cilën e japin votën e tyre, dhe të cilat janë shënuar në procesverbal të seancës së lartpërmendur, pas së cilës Këshilli ka votuar sipas renditjes të rangë listës.

Kandidati i parë rangë listës Jetmir Hamzai me 13 vota "Për" mori votat e duhur nga numri i përgjithëshën i anëtarëve të Këshillit me të drejtë vote, në përputhje me nenin 49 paragrafin (2) të Ligjit për Këshillin Gjyqësor të RMV-së.

Me 5 vota "Për"kandidati mori shumën e votave të anëtarve të pranishëm që u takojnë komuniteteve që nuk janë shumicë në Republikën e Maqedonisë së Veriut, sipas nenit 50 paragrafi (1) të Ligjit për Këshillit Gjyqësor të RMV-së.

Kandidati i dytë i rangë listës Abdulla Azari me 13 vota "Për" mori votat e duhur nga numri i përgjithëshën i anëtarëve të Këshillit me të drejtë vote, në përputhje me nenin 49 paragrafin (2) të Ligjit për Këshilln Gjyqësor të RMV-së.

Me 5 vota "Për"kandidati mori shumën e votave të anëtarve të pranishëm që u takojnë komuniteteve që nuk janë shumicë në Republikën e Maqedonisë së Veriut, sipas nenit 50 paragrafi (1) të Ligjit për Këshillit Gjyqësor të RMV-së.

Çdo anëtar i Këshillit me të drejtë vote ka dhënë arsyetim për vendimin e tij për zgjedhjen e gjyqtarit, i cili parashikohet në nenin 5 paragrafi (3) të Ligjit për Këshillit Gjyqësor të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Kandidati Abdulla Azari ka stazh të përgjithëshëm 10 vjet e 4 muaj e 10 ditë nga dita e paraqitjesë së shpallje.Si gjyqtar ka punuar me materje civile, gjatë vlersimit në periudhën 2019-2022 është vlersuar me notë pozitive, në përputhje me aktet nënligjore janë vlersuar kualiteti dhe kvantitetin e kreteriumeve dhe i njejeti është i ranguar në listë si i dyti në karahasim me kandidatët tjerë në lisët.
Sipas arsyetimeve të dhënë nga anëtarët e Këshillit, rezulton se bëhet fjalë për një gjyqtar profesionist, gjyqtar jashtëzakonisht i përkushtuar, me përvojë, shembull i ndërgjegjes gjyqësore, pavarësisë, paanshmërisë, ndershmërisë dhe përgjegjësisë, gjyqtar me integritet, në mënyrë që të gjitha cilësitë dhe njohuritë e përmendura t'i transferoja në përvojën time të fituar dhe të bashkohesha me shpejtësinë dhe punën në një gjykatë më të lartë, në një çështje në Gjykatën e Apelit të Goztivarit.

Duke pasur parasysh të gjitha si më sipër, Këshilli Gjyqësor në Gjykatën Apelit Gostivar, në sferën civile, zgjodhi për gjyqtar Abdulla Azarin.

**KËSHILLI GJYQËSOR I**
**REPUBLIKËS SË MAQEDONISE SË VERIUT**
**Kryetar,**
**Vesna Dameva**

**Nr.09-2133/1**
**07.11.2024**
**Shkup**